Врз основа на член 18 став 1 алинеја 17, член 19 и член 20 став 3, а во врска со член 152 став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.02-3695/1 од 26.8.2025 г. и Заклучокот за завршување на Локалните избори 2025 г. на Државната изборна комисија, арх.бр.08-3716/5 од 12.11.2025 г., а во согласност со член 15 став 1 алинеја 17 и член 38, 39 и 40 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., Советот на Агенцијата на осумнаесеттата седница одржана на 17.11.2025 г. согласно Заклучокот арх.бр.02-4809/7 од 17.11.2025 г., ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. Да се објави јавен конкурс за избор на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

1.1. Јавниот конкурс да се објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата како работодавач.

1.2. Јавниот конкурс ќе трае 15 (петнаесет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето во дневните весници.

Текстот на јавниот конкурс е во прилог на оваа одлука (Прилог бр.1) и е нејзин составен дел.

2. Кандидатот за директор/заменик на директорот на Агенцијата, освен општите услови предвидени во Законот за работните односи, треба да ги исполнува и посебните услови утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија (РСМ);
- да има завршено високо образование (ВСС);
- да има работно искуство од најмалку осум години во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото;
- да има искуство во раководење со организација од најмалку четири години;
- да не бил член во органи и тела на политичка партија и да не бил избрано или именувано лице, функционер кој раководи со орган на државна управа, министерство и раководен орган на јавно претпријатие и акционерско друштво, основани од државата во период од 10 години, засметано station наназад од годината во којашто ја поднесува кандидатурата;
- кандидатот за директор/заменик на директорот на Агенцијата, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата;
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност.

3. Директорот на Агенцијата и заменик на директорот на Агенцијата се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време.

4. Мандатот на директорот и на заменик на директорот на Агенцијата е пет години, со право на уште еден мандат.

Избраниот кандидат за директор/заменик на директорот на Агенцијата не смее да биде член во органи и тела на политичка партија во периодот додека ја извршува функцијата.

5. Распоред на работното време: од понеделник до петок.
6. Дневно работно време: од 07:30/08:30 часот до 15:30/16:30 часот.
7. Неделно работно време: 40 часа.
8. Основната нето плата според Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-952/1 од 07.03.2025 г. изнесува:
   - 161.690,00 денари, за директор на Агенцијата и
   - 148.435,00 денари, за заменик на директорот на Агенцијата.
9. Кандидатот за директор/заменик на директорот на Агенцијата, треба да ги достави следните документи, и тоа:
   - уверение за државјанство;
   - доказ за завршено високо образование;
   - потврда/доказ за работното искуство за условот од точка 2 алинеја 3 од оваа Одлука;
   - потврда/доказ за искуство за условот од точка 2 алинеја 4 од оваа Одлука;
   - изјава заверена на нотар со која кандидатот потврдува дека не бил член во органи и тела на политичка партија и не бил избрано или именувано лице, функционер кој раководи со орган на државна управа, министерство и раководен орган на јавно претпријатие и акционерско друштво, основани од државата во период од 10 години, засметано наназад од годината во којашто ја поднесува кандидатурата;
   - изјава заверена на нотар со која кандидатот потврдува дека кандидатот, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во права линија до второ колено, немаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата;
   - потврда издадена од Централниот регистар на РСМ дека во моментот на поднесување на пријавата не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци) и
   - кандидатура (во која ќе го наведе своето работно искуство и достигнувања во областа за која е стручен).
10. Административната селекција на доставените пријави по јавниот конкурс за избор на директор и на заменик на директор на Агенцијата ќе ја изврши Секторот за правни работи и јавни набавки при Агенцијата, а евалуација на доставените пријави по јавниот конкурс ќе ја изврши Комисија за евалуација, формирана со Решение (Прилог бр.2 кон оваа одлука).
11. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Прилози (2):**
- Јавен конкурс и
- Решение за формирање на Комисија за евалуација на доставени пријави по јавниот конкурс.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Примерок од одлуката да се достави до:**
- Секторот за поддршка на работата на директорот и на советот;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата.